Врз основа на член 89 став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 17/11,53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 јануари 2015 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/14), во глава 2 „**Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**“ **Градежни парцели што ќе бидат на располагање**, по точката 57 се додаваат 2 нови точки кои гласат:

58.

| | |
|---|---|
|  | **ДУПД за бензинска пумпна станица и услужен центар**<br>**Одлука бр:16-17796/2 од 07.09.2012 година**<br>**УП. 1.1**<br>**Површина на градежна парцела:49.335 $м^2$**<br>**Утврден простор за градење на повеќе градби во рамките на градежната парцела: 36.260 $м^2$**<br>**Основна класа на намена: Е2 комунална супраструктура**<br>**Максимална висина на градба до венец: 5,0 м**<br>**КП. бр.435/1**<br>**КО Криви Дол** |

59.

| | |
|---|---|
|  | **ДУПД бензинска пумпна станица и услужен центар**<br>**Одлука бр:16-3705/2 од 15.02.2012 година.**<br>**УП. 1.1**<br>**Основна класа на намена: Е2 комунална супраструктура**<br>**Површина на градежна парцела:43.940 $м^2$**<br>**Утврден простор за градење на повеќе градби $м^2$ :35.409**<br>**Вкупна изградена површина на сите спратови $м^2$: 26.500,00**<br>**Максимална висина на градба до венец:5,00 до 12,00**<br>**КП. бр.360 и КП.бр.307**<br>**КО Драгоево** |

Член 2

Почетната цена на градежните парцели од член 1 на оваа Програма ќе се утврдува во согласност со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување и давање под закуп како и за засновање на правото на стварна службеност, која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за оттуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Штип.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-874/1
29 јануари 2015 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Влатко Миташев